Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Октомври

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во цртањето: (контурна линија, простор-длабочина, блиску/далеку, внатрешен/ надворешен, ликовна целина, детаљ, текстура, ритам) | Создава претстава за просторот (длабочина, блиску/далеку, внатрешен/ наворешен) и го претставува на цртеж. | 1 | **Воведни активности:**<br>Учениците излегуваат во училишнит двор. Набљудуваат: објекти, форми и големини, линии во надворешниот простор. Се запознаваат со поимот простор. (Просторот е се она што не опкружува, оддалеченоста до местото до каде допира нашиот поглед). Во просторот се забавуваме, учиме, спортуваме. Тоа е реален простор. Каков може да биде просторот? (Внатрешен: училница... и надворешен: училишен двор...). Учениците се запознаваат со целта. (7 минути)<br>**Главна активност:**<br>Учениците цртаат на мотив „Училишен двор“ на лист со молив, четка, прикажувајќи надворешен простор (20 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Учениците ги презентираат готовите цртежи при тоа објаснувајќи за просторот што е прикажан и начинот на претставување на предметите кои се блиску, а кои далеку. (8 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивме? Како се чувствуваме? Што е простор? Каков може да биде просторот? Како ги претствуваме предметите кои се блиску? Како ги преставуваме предметите кои се далеку? (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 минути) | туш, перце, дрвце, четка, хартија, картон, фолија, пластика, платно, кожа<br>компјутер<br>проектор | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |



Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Октомври

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во цртањето: (контурна линија, простор-длабочина, блиску/далеку, внатрешен/ надворешен, ликовна целина, детаљ, текстура, ритам) | Воочува ритам во природата и самостојно го применува во цртањето. | 1 | **Воведни активности:**<br>Учениците се запознаваат со поимот ритам и видови ритам преку прикажани слики од страна на наставникот.<br>Што е ритам? (кога некој елемент се повторува едно по друго повеќе пати во една ликовна творба).<br>Кои видови на ритам постојат?<br>Регуларен ритам (кога еден ист елемент воопшто не се менува при повторувањето)<br>Алтернативен (се менуваат два или повеќе елементи различни по форма, боја, тон или големина).<br><br>Регуларен ритам<br><br>Алтернативен ритам<br>Се запознаваат со целта. (10 мин.)<br>**Главна активност:**<br>Учениците цртаат на мотив „Дрворед“, со молив, дрвени боици и фломастери, користејќи линија и повторување. (20 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Учениците ги презентираат готовите цртежи при тоа објаснувајќи кој елемент се повторува повеќе пати во ликовната творба и каков е ритамот. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Што научивме? Што е ритам? Кои видови на ритам постојат? (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | Комјутер<br>Проектор<br>глина, глинамол и тесто | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби.. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Октомври

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовен јазик во пластичното обликување и градење: (тридимензионална форма, простор, текстура, детаљи, движење, ритам, насока, споменик (скулптура, биста, фонтана, фигура), макета, композиција, детаљ, целина, текстура) | Обликува и гради тридимензионални форми.<br>Создава облик или градба со користење на ликовните елементи: простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција. | 1 | **Воведни активности:**<br>Учениците ги активираат предзнаењата од ликовниот јазик за **форма** (надворешен изглед на се она што не опкружува, може да биде дводимензионална и тродимензионална), **простор** (се она што не опкружува), **големина** (комбинирање на различни големини во една форма), **текстура** (прикажување на материјалот на некоја површина во ликовното дело), **ритам** (кога некој елемент се повторува едно по друго повеќе пати во една творба) , **насока** (визуелна сила која го движи окото во одреден правец во ликовното дело), **композиција** (распоред на ликовните елементи во една целина). Се запознаваат со целта. (10 мин.)<br>**Главна активност:**<br>Учениците обликуваат на мотив „Дрво и/или дрворед“, со глина, глинамол и тесто, користејќи форма и вертикална насока. При тоа создаваат облик или градба со користење на: простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција. (20 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Учениците од своите изработки составуваат целина (композиција). (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Што научивме? Како можеме наученото да го примениме во секојдневниот живот? Какви форми обликувавте? Со кои материјали? Каква е текстурата на изработените тродимензионални форми? Што е ритам? Која е насоката на обликуваните форми? Што е композиција? ((Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | Комјутер<br>Проектор<br>глина, глинамол и тесто | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби.. |



Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Октомври

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во сликањето: (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродуција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) | Ги користи ликовни елементи во сликањето: контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам. | 1 | **Воведни активности:**<br>Учениците се поделени во групи и добиваат работен лист „Кога и од кого можам да побарам помош“. Наставникот чита конкретни ситуации, а учениците во групата се договараат од кого ќе побарат помош за секоја ситуација и ја поврзуваат со конкретното лице од кого би побарале помош. Се запознаваат со целта. (8 мин.)<br>**Главна активност:**<br>Учениците сликаат на мотив „Мојата мајка/татко/старател“, со темпера/гваш, користејќи боја, пропорции и големина, со насока за препознавање на позадина. (20 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Дали можеме се сами да направиме? За кои работи обично барате помош? Од кого се можете да побарате помош? Учениците одговараат на прашањата и заклучуваат дека најчесто бараат помош од возрасни лица (родител, роднина, брат, сестра, наставник ...).<br>(7 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивме? Како можеме наученото да го користиме во секојдневниот живот? (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди)<br>(5 мин.) | Работен лист за учениците<br>Работен лист за наставникот<br>средства и материјали за сликање (водени бои, блок, четки, темперни бои). | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (цртање); учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

**Работен лист за учениците II-4.2: Кога и од кого можам да побарам помош?**



**Работен лист за наставникот/наставничката: Кога и од кого можам да побарам помош?**

**Ситуации:**

1. Болен/болна си.
2. Уплашен/а си.
3. Тажен/тажна си.
4. Топката ти летнала на кровот кај соседот.
5. Ти треба помош при капење.
6. Не знаеш како да направиш тесто за ликовно.
7. Скрши прозорец во училницата.
8. Истури јогурт во училницата.
9. Ти требаат пари за да купиш подарок за роденден на другар/ка.
10. Не можеш да ја преједеш улицата кај училиштето зашто цело време поминуваат автомобили.
11. Ти се оди во тоалет во училиште, но тој не е осветлен.
12. Во училиште си и ти ја нема јакната.
13. Дома си и во собата се појавува чад.

**Лица:**

1. Родители
2. Брат/сестра
3. Сосед/ка
4. Наставник/наставничка
5. Деца од одделение
6. Хигиеничар/ка во училиште
7. Хаусмајстор/ка во училиште

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk